**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

**Су-04-28/23-2**

**16.05.2023 година**

**БИТОЛА**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА, Петре Србиновски врз основа на член 43 од Законот за судска служба ( Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018 ) по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас бр.1/2023 , за кариерно унапредување на судски службеници, за работно место Самостоен судски советник – 1 извршител по доставениот Предлог на кандидати за унапредување со утврдена Конечна Ранг-листа на кандидати на Комисијата за селекција за унапредување од 16.05.2023 година, на ден 16.05.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на 1 извршител – кандидат за унапредување на работно место Самостоен судски советник**

За работното место со реден број 1 од Интерниот оглас бр.01/2023 Самостоен судски советник, Категорија Б, Ниво Б-1, шифра СУД0101Б01001 – 1 извршител, се избира кандидатот:

1. **АЊЕЗА ИВАНОВСКА**

Решение за унапредување за избраниот кандидат ќе се донеси по правосилноста на оваа одлука

О б р а з л о ж е н и е

По добиените согласности од Судски Буџетски Совет на Република Северна Македонија бр.08-168/6 од 24.03.2023 година и од Министерството за финансии бр.18-2188/2 од 17.03.2023 година, од страна на Апелациониот суд Битола на веб страната на судот на ден 02.05.2023 година, објавен е Интерен оглас бр.1/2023 за кариерно унапредување на 3 судски службеници.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на судски службеници, Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Апелационен суд Битола со Решение СУ-02-120/23 од 11.05.2023 година, направи административна селекција за што состави Записник за административна селекција Су-04-28/23-2 од 16.05.2023 година . По извршената административна селекција од страна на Комисијата за уредно пријавениот кандидат кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за судска служба и по извршеното интервју од страна на Претседателот на Апелационен суд Битола, за кое Претседателот состави Записник од интервју со пријавениот кандидат за унапредување на работното место Самостоен судски советник Су-04-28/23-2 од 16.05.2023 година, Комисијата изготви Конечна ранг листа на интервјуираниот кандидат и Предлог за избор на кандидат за унапредување. Предлогот е доставен до Претседателот на Апелационен суд Битола.

Врз основа на доставениот предлог Претседателот на Апелациониот суд Битола донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Примерок од Одлуката да се достави до избраниот кандидат и истата да се објави на огласна табла и на веб страницата на судот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ
Петре Србиновски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба